**Барање 23-3675/1**

- Дали имате податоци за жртви на семејно насилство за 2020 година, 2021 година и првиот квартал од 2022 година, вклучувајќи ги податоците по пол, возраст, националност, превземени мерки, финансиска подршка на жени жртви на семејно насилство или друг вид на подршка и помош?
- Дали Вашата Општина секоја година изработува и усвојува Програма за социјална заштита?
- Доколку да ,ве молиме испратете ни примерок од Програмата за период од 2020 до 2022 година (за секоја година посебно).
- Каков вид на парична помош помош на натура е предвидено во програмата за социјална заштита за 2020, 2021 и првиот квартал од 2022 година?
- Колку барања за секој вид на парична помош сте добиле? Ве молиме податоците да бидат раздвоени по година и пол (мажи/жени).
- Колку барања за секој вид на парична помош сте одобриле? Ве молиме податоците да бидат разделени по година и пол (мажи/жени)?
- Колку барања за секој вид на парична помош сте добиле од жени жртви на семејно насилство? Ве молиме податоците разделете ги по година.
- Колку барања за секој вид на парична помош сте одобриле за жени жртви на семејно насилство ? Ве молиме податоците разделете ги по година.
- Колкав е вкупниот износ на парични средства одобрени за парична помош? Ве молиме податоците разделете ги по година и по пол на барател(мажи/жени).
- Колкав е вкупниот износ на парични средства одобрени на жени жртви на семејно насилство? Ве молиме податоците разделете ги по година.
- Каков вид на дополнителна подршка е дадена од Ваша страна во насока на спречување и заштита од семејно насилство за период од 2020, 2021 и првиот квартал од 2022 година?

**Одговор 23-3675/2**

1. Податоци за жртви на семејно насилство имаме согласно податоците од Центарот за социјала работа за 2021 година, имаат 49 пријави за семејно насилство , од кои 15 се мажи и 34 се жени.

2. ДА, Општина Кавадарци секоја година изработува и усвојува Програма за социјална заштита.

3. Во прилог на овој одговор Ви ги испраќам Програмите за социјална заштита за 2020, 2021 и 2022 година.

4. Во програмата за социјална заштита предвидени се парични средства за :

   - помош на социјално загрозени семејства
   -помош на семејства погодени од елементарни непогоди (пожар,поплава)
   -помош на семејства за лекување
   -помош на поединци во областа на културата
   - помош на жртви на семејно насилство
   - колички за лица со хендикеп

-новородени деца

5. Анализа на баратели

5.1 Анализа за 2020 година.

Анализа на баратели/ки за семејства погодени од елементарни непогоди (пожар,поплава..)

Вкупно:9
Мажи:8
Жени: 1

Анализа на баратели/ки за помош на семејства за лекување
Вкупно: 295
Мажи: 121
Жени: 174

Анализа на баратели/ки за новороденче
Вкупно: 281
Мажи:0
Жени:281

Анализа на баратели/ки за помош на социјално загрозени семејства за егзистенција

Вкупно: 42
Мажи: 19
Жени: 23

5.2 Анализа за 2021 година

Анализа на баратели/ки за помош на семејства за лекување

Вкупно: 420
Мажи: 159
Жени: 210

Анализа на баратели/ки за помош на социјално загрозени семејства за егзистенција
Вкупно: 23
Мажи: 7
Жени: 16

Анализа на баратели/ки за новороденче
Вкупно: 104
Мажи: 0
Жени: 104

Анализа на баратели/ки за помош за пожар

Вкупно: 3

Мажи:2

Жени: 1

5.3 Анализа за првиот квартал од 2022 година сеуште немаме изготвено.

6. Одобрени барања

За 2020 година 627 барања од кои мажи 148 ,жени 479

За 2021 година нереализирани се 89 барања, така што реализирани се 461, од кои мажи 133, жени 289.

7.Немаме добиено барања од жени жртви на семејно насилство.

8.Не сме одобриле парична помош во однос на барања од жени жртви на семејно насилство,врз основа на тоа што немаме добиено барања.

9. Во 2020 година процентот на реализација на програмата за активностите на Општина Кавадарци - Локална Самоуправа во областа на социјална парична помош по програма АО изнесува 4.300.000,00 денари или во проценти 99.92 %, по основ социјално парична помош за вкупно 351 решение за кои ги исполнуваат законските услови исплатени се 2.231.499,00 денари, за вкупно 281 барања по основ новородени деца во 2020 година исплатени се 1.815.406,00 денари.

Во 2021 година процентот на реализација на програмата за активностите на Општина Кавадарци - Локална Самоуправа во областа на социјална парична помош по програма АО изнесува 3.902.300,00 денари или во проценти 92.91 %, по основ социјално парична помош за вкупно 397 решенија за кои ги исполнуваат законските услови исплатени се 2.509.567,00 денари, за вкупно 206 барања по основ новородени деца во 2021 година исплатени се 1.392.733,00 денари или во проценти 69.64.

За 2022 година сеуште немаме податоци.

10. Немаме одобрени парични средства на жени жртви на семејно насилство.

11. Според програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјалната заштита немаме дополнителна подршка.